Објавен во петок, 04.05.2007 год,сл.в.на РМ бр.55/07
Стапува на сила во сабота , 12.05.2007 год

# ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА
# ЗАКОН ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршење на занаетчиска дејност и здружување на занаетчиите.

### Член 2

Занаетчиска дејност може да врши физичко лице кое е запишано во Регистарот на занаетчии (во натамошниот текст - занаетчија).

Занаетчиска дејност можат да вршат трговец поединец и трговско друштво(во понатамошен текст:вршител на занаетчиска дејност)под услови и на начин утврдени со Законот за трговски друштва и овој закон.

### Член 3

Занаетчијата одговара за своите обврски со целиот свој имот.

### Член 4

Занаетчиска дејност, во смисла на овој закон, е занаетчиско производство, занаетчиски услуги, уметничко занаетчиство и домашно ракотворење.

Занаетчиско производство е изработка и производство на производи претежно по нарачки, во мали серии, кое нема карактеристики на индустриско производство.

Занаетчиски услуги се поправки и одржување на производите, уредите и објектите, како и вршење на лични услуги.

Уметничко занаетчиство е изработка и обработка на уметнички предмети од разни материјали и нивно обликување, при што доаѓа до израз вештината на производителот.

Домашно ракотворење е изработка на одделни производи што занаетчијата ги изработува во својот дом сам или со помош на членовите на неговото семејство.

Занаетчиска дејност во смисла на овој закон е и вршење на дејност во бурекџилници и слаткарници, освен оние кои се вршат како трговска дејност согласно Законот за трговски друштва.

## II. ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

### 1. Услови

### Член 5

Занаетчијата е должен во седиштето каде ја врши занаетчиската дејност да има една или повеќе простории за работа, во зависност од видот и начинот на вршење на дејноста.

Занаетчијата од став 1 на овој член не може да ја врши дејноста надвор од просториите за работа за оние занаетчиски дејности кои мора да се вршат во простории

Занаетчијата може занаетчиската дејност или одделни работи од таа дејност да ги врши надвор од просториите, како и надвор од своето седиште, во зависност од видот и начинот на вршењето на занаетчиската дејност или ако е така договорено со нарачателот на услугата.

Занаетчиските дејности кои треба задолжително да се вршат во простории ќе ги определи министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Занаетчијата и вршителот на занаетчиска дејност во седиштето каде што ја вршат занаетчиската дејност,мора да имаат простории за работа,во зависност од видот и начинот на вршење на дејноста.

Занаетчијата и вршителот на занаетчиска дејност не можат да ја вршат дејноста надвор од просториите за работа за оние занаетчиски дејности кои задолчително се вршат во простории.

Занаетчијата и вршителот на занаетчиска дејност можат занаетчиската дејност или одделни работи од таа дејност да ги вршат надвор од просториите,како и надвор од своето седиште во зависност од видот и начинот на вршење то на занаетчиската дејност или ако е така договорено со нарачателот на услугата.

Занаетчиските дејности кои треба задолжително да се вршат во простории ќе ги определи министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

**Член 6**

Занаетчијата е должен да обезбеди просториите во кои се врши занаетчиската дејност да ги исполнуваат пропишаните минимални технички услови.

Занаетчијата и вршителот на занаетчиска дејност се должни да обезбедат,простории во кои ја вршат дејноста да ги исполнуваат пропишаните минимално технички услови.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството ги пропишува минималните технички услови од став 1 на овој член.

**Член 7**

Занаетчијата и вршителот на занаетчиска дејност е должен се должни исполнувањето на условите од член 6 на овој закон да го пријави на Државниот пазарен инспекторат, на денот на отпочнување со вршење на дејноста, на образец чија форма и содржина ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

**Член 8**

Деловите на населените места во кои можат да се вршат одделни занаетчиски дејности се определуваат со урбанистичкиот план

Советот на општината, односно Советот на Градот Скопје го определува работното време на занаетчиските дејности во зависност од месните обичаи и потреби.

**Член 9**

Занаетчијата согласно овој закон може да врши:

- една или повеќе сродни занаетчиски дејности и
- промет на своите производи.

Занаетчијата може при вршењето на дејноста да врши продажба и на други производи кои служат на неговиот производ.

Занаетчијата може своите производи да ги продава во просториите во кои ја врши дејноста или на места определени за таа намена од Советот на општината или Советот на Градот Скопје.

Занаетчијата и вршителот на занаетчиска дејност согласно со овој закон можат да вршат:

- една или повеќе сродни занаетчиски дејности и
- промет на своите производи.

Занаетчијата и вршителот на занаетчиска дејност можат при вршењето на дејноста да вршат продажба и на други производи кои служат на неговиот производ.

Занаетчијата и вршителот на занаетчиска дејност можат своите производи да ги продаваат во просториите во кои ја вршат дејноста или на места определени за таа намена од Советот на општината или Советот на градот Скопје.

**Член 10**

Занаетчијата може да врши занаетчиска дејност ако :

- има соодветно стручно образование или соодветна стручна оспособеност за вршење на одредени занаетчиски дејности и
- не е во работен однос.

Занаетчијата кој се занимава со домашно ракотворење или со уметничко занаетчиство не треба да го исполнува условот од став 1, алинеја 1 од овој член.

Доколку вршителот на занаетчиска дејност не го исполнува условот од ставот 1 алинеја 1 на овој член, занаетчиска дејност ќе може да ја врши ако вработи лице кое го задоволува овој услов.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството ќе ги определи занаетчиските дејности за чие вршење не е потребно соодветно стручно образование или соодветна стручна оспособеност.

Дејностите кои можат да ги вршат занаетчиите, како и дејностите од член 4 став 4 и 5 на овој закон ќе ги определи министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството ги пропишува условите и начинот на вршење на занаетчиската дејност во бурекџилниците и слаткарниците.

**Член 11**

Стручната оспособеност за вршење на определена занаетчиска дејност се проверува од комисија формирана од општинската или регионалната занаетчиска комора (во натамошниот текст: комора).

Стручната оспособеност од став 1 на овој член се проверува според програма што ја донесува Занаетчиската комора на Македонија. Програмата ја одобрува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на образованието.

На лицата за кои ќе се утврди дека се стручно оспособени комората им издава уверение за стручна оспособеност за вршење на соодветна занаетчиска дејност.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на образованието ги пропишува формата и содржината на уверението за стручната оспособеност.

За стручно оспособени лица се сметаат и оние лица кои својата оспособеност ја стекнале во установи од јавниот и приватниот образовен систем кои со закон се овластени да вршат обука, преквалификација и доквалификација.

**Член 12**

Пронаоѓач - носител на правото на патент се смета за стручно оспособено лице, во смисла на овој закон, и може да ги врши оние занаетчиски дејности кои се однесуваат на изработката на патентираниот пронајдок.

**2. Упис на дејноста во Регистарот на занаетчии**

**Член 13**

Вршењето на занаетчиската дејност занаетчијата го запишува во Регистарот на занаетчии, кој го води комората.

Вршителот на занаетчиска дејност го запишува вршењето на занаетчиска дејност под услови и на начин утврдени со Закон за трговските друштва.

**Член 14**

За вршење на занаетчиската дејност физичкото лице поднесува барање до комората, за упис во Регистарот на занаетчии, во местото каде што се наоѓаат просториите каде се врши занаетчиската дејност. Доколку занаетчиската дејност не се врши во простории, барањето за упис во Регистарот на занаетчии се поднесува во местото на живеење.

Со барањето, физичкото лице ги приложува доказите од член 10 од овој закон.

Комората во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето донесува решение за упис во Регистарот на занаетчии.

Доколку комората не донесе решение во рокот од став 3 на овој член, истото ќе се смета за донесено.

Против решението од ставот 3 на овој член може во рок од 15 дена да се изјави жалба до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 14-а

Доколку физичкото лице кон барањето за упис во регистарот на занаетчии приложи невалидни докази,комората ќе донесе решение со кое се одбива уписот во Регистарот на занаетчии.

Против решението од став 1 на овој чле може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министероткој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

**Член 15**

Решението за упис во Регистарот на занаетчии содржи:

1. име, татково име, презиме и адреса на живеалиштето на занаетчијата,
2. единствен матичен број на граѓанинот,
3. дејностите што ќе се вршат како и шифрите на дејностите, согласно Националната класификација на дејности и
4. фирма, скратена ознака на фирмата доколку ја има, седиште и адреса на просториите.

Со денот на уписот на занаетчиската дејност во Регистарот на занаетчии, физичкото лице се стекнува со својство на занаетчија.

Регистарот на занаетчии е јавна книга и секое заинтересирано лице може да има увид во него.

Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на занаетчии ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

По еден примерок од решението од став 1 на овој член се доставува до органот надлежен за работите од областа на јавните приходи во местото каде што е регистрирана занаетчиската дејност, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување, Централниот регистар на Република Македонија и Бирото за вработување во местото на живеење на занаетчијата.

Член 15-а

За секоја промена на дејноста,дополнување на дејноста и промена на седиштето на занаетчијата,комората издава решение за пропмена во Регистарот на занаетчии.

## 3. Седиште

### Член 16

Седиште на занаетчијата е местото во кое се наоѓаат просториите во кои се врши дејноста.

Ако за вршење на дејноста не се потребни простории, како седиште се смета местото во кое занаетчијата има живеалиште.

Занаетчијата е должен да ја запише во Регистарот на занаетчии во своето седиште, секоја промена на бројот на простории и локацијата на просториите во кои ја врши дејноста.

### Член 17

Доколку занаетчијата сака да го промени седиштето од една во друга комора, комората која му го издала решението за вршење на занаетчиска дејност, на барање на занаетчијата, ќе донесе решение за престанок на вршење на занаетчиска дејност. За вршење на својата дејност, занаетчијата поднесува барање за упис во Регистарот на занаетчии што го води комората на чија територија го преселил своето седиште.

Решенијата од став 1 и 2 на овој член се доставуваат до органите согласно член 15 став 5 на овој закон.

## 4. Начин на вршење на дејност

### Член 18

Занаетчијата може да ги врши само дејностите што се наведени во решението за упис во Регистарот на занаетчии,,а вршителот на занаетчиска дејност може да ги врши само оние занаетчиски дејности што се наведени во решението за упис во Централниот регистар.

### Член 19

Занаетчијата,и вршителот на занаетчиска дејност доколку тоа не е определено со друг пропис, е должен се должни:

1. дејноста да ја врши во согласност со прописите и деловните обичаи;
2. на видно место да истакне ценовник на своите производи односно услуги;
3. на видно место да го истакне своето работно време и да се придржува до него.
4. да гарантира за квалитетот на производите односно услугите согласно одредбите од Законот за заштита на потрошувачите.
5. да поседува соодветна документација за набавените стоки и материјали и
6. да води евиденција за продадените производи и услуги.

### 5. Фирма на занаетчиите

### Член 20

Занаетчијата кој занаетчиската дејност ја врши во простории, мора да има фирма истакната на видно место.

Прописите што се однесуваат за фирмата на трговските друштва соодветно се применуваат и на занаетчиите.

Занаетчијата, кој за вршење на занаетчиската дејност не мора да има простории за работа, не треба да има истакнато фирма.

### Член 21

Занаетчијата во своето работење мора да ја употребува фирмата под која ја врши занаетчиската дејност, како што е запишано во Регистарот на занаетчии.

Занаетчијата може да употребува и скратена ознака на фирмата под која ја врши занаетчиската дејност, која мора да се разликува од другите скратени ознаки на занаетчиите запишани во Регистарот на занаетчии.

Скратената ознака на фирмата се запишува во Регистарот на занаетчиите.

### 6. Привремено запирање

### Член 22

Занаетчијата може привремено да запре со вршењето на дејноста во случај на:

1. болест, додека трае неспособноста за работа,
2. служење, дослужување на воената обврска или учество во воена вежба додека трае служењето на воената обврска,
3. адаптација и реконструкција на просториите за работа до 3 месеци, еднаш во годината,
4. користење на годишен одмор,
5. притвор, издржување на казна затвор до 6 месеци, изречена казна забрана за вршење дејност до 6 месеци и
6. намален обем на работа до 3 месеци, еднаш годишно.

Во случај кога запирањето на дејноста трае помалку од 30 дена , не се смета како привремено запирање.

Привременото запирање по сите основи не може да биде подолго од 6 месеци во текот на годината.

Занаетчијата е должен во рок од 8 дена од денот на настанување на случаите од став 1 на овој член да го пријави привременото запирање на вршење на дејност на комората.

### Член 23

Комората кај која е извршен уписот во Регистарот на занаетчии, на барање на занаетчијата издава решение за привремено запирање на

дејноста, од кое еден примерок се доставува до органот на управата надлежен за јавни приходи.

Против решението од став 1 на овој чле може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Занаетчијата е должен, доколку занаетчиската дејност ја врши во простории, на видно место да го истакне периодот на привременото запирање на вршење на дејност.

**Член 24**

Ако занаетчијата отпочне со вршење на дејност пред определеното време утврдено со решението за привремено запирање, должен е да го пријави продолжувањето на вршењето на дејноста на комората во рок од 3 дена од престанокот на причината поради која настанало привременото запирање на вршењето на дејноста.

Комората во рок од 3 дена од денот на добивање на пријавата од став 1 на овој член, го известува органот на управата надлежен за јавни приходи, за продолжување на вршењето на дејноста.

## 7. Престанок на дејноста

**Член 25**

Занаетчијата престанува да врши дејност и се брише од Регистарот на занаетчии:

1. со одјавување и
2. по сила на закон.

Вршителот на занаетчиска дејност престанува да врши занаетчиска дејност под услови и наначин утврдени со Законот за трговски друштва.

**Член 26**

За престанок на дејноста на занаетчијата со одјавување, комората донесува решение врз основа на писмено барање на занаетчијата.

Кон своето барање занаетчијата приложува доказ од Управата за јавни приходи за платен данок.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Промената на седиштето на занаетчијата од подрачјето на една комора во друга комора се смета за престанок на вршење на дејноста на занаетчијата со одјава. По еден примерок од решението од став 1 на овој член се доставува до органите од член 15 став 5 на овој закон. Како ден на престанување на вршење на дејноста се смета денот на поднесување на барањето.

Решението од ставот 1 на овој член се запишува во Регистарот на занаетчии.

За престанок на вршење на занаетчиска дејност вршителот на занаетчиска дејност поднесува пријава за бришење од евиденцијата на вршителите на занаетрчиска дејност.

**Член 27**

Занаетчијата престанува да ја врши дејноста по сила на закон во следните случаи:

1, ако засновал работен однос, се пензионира или отпочнал со вршење на друг деловен потфат,

2. ако е на издржување казна - затвор во траење подолго од шест месеци,

3. со правосилна судска одлука или правосилно решение му биде изречена мерка за безбедност – забрането на вршење на дејноста подолго од 6 месеци,

4. смрт и

5. други случаи предвидени со закон.

За престанок на дејноста по сила на закон, комората донесува решение за бришење на уписот од Регистарот на занаетчии.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Решението од став 2 на овој член се запишува во Регистарот на занаетчии.

Член 27-а

Занаетчијата може да го пренесе вршењето на дејноста на член на своето потесно семејство,за што поднесува барање до комората.

Членот на потесното семејство е должен во рок од три месеци од денот на уписот во Регистарот на занаетчии да достави докази согласно чле 10 став 1 од овој закон.

Доколку доказите од член 10 став 1 од овој закон не се приложат во утврдениот рок од ставот 2 на овој член,комората донесува решение за бришење на уписот во Регистарот на занаетчии.

Против решението за бришење од Регистарот на занаетчии може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

**Член 28**

Во случај на смрт на занаетчијата дејноста, со исклучок на занаетчиските дејности кои се однесуваат на производство на прехранбени производи и пијалоци како и на здравјето и нега на тело, може да продолжи да ја врши брачниот другар или наследникот од I наследен ред најдолго до 1 година.

Брачниот другар или наследникот од прв наследен ред во рок од 30 дена од денот на смрта на занаетчијата поднесува барање до комората за

добивање на времено решение за вршење на занаетчиската дејност ,за период утврден во став 1 од овој член.

Против решението од став 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

По истекот на рокот од став 1 на овој член, субјектите од став 1 на овој член можат да продолжат со вршењето на занаетчиската дејност доколку ги исполнат условите од член 10 став 1на овој закон.

**Член 29**

Комората ќе го огласи решението за ништавно и ќе го брише занаетчијата од Регистарот на занаетчии, ако дополнително утврди дека занаетчијата го добил решението за упис во Регистарот на занаетчии врз основа на лажни докази.

## III. МАЈСТОРСКА ТИТУЛА. МАЈСТОРСКИ ИСПИТ

**Член 30**

Занаетчиите можат да се стекнат со титула мајстор.

Со титула мајстор можат да се стекнат и физички лица кои се вработени кај занаетчиите, и вршителот на занаетчиска дејност.

Право на полагање на мајсторски испит има занаетчија кој има завршено соодветно најмалку средно образование и практична обука.

**Член 31**

Титулата мајстор се стекнува со полагање на мајсторски испит.

Мајсторски испит се полага пред комисија која ја формира комората.

Член на комисијата не може да биде лице кое му било или е работодавец на кандидатот или пак лице со помало стручно образование од кандидатот што полага мајсторски испит.

Мајсторски испит не полагаат занаетчии кои имаат диплома или мајсторско писмо за положен мајсторски испит.

**Член 32**

Условите и начинот на полагање на мајсторски испит се уредува со програма која ја донесува Занаетчиската комора на Македонија. Мајсторскиот испит содржи теоретски и практичен дел.

Програмата од став 1 на овој член се објавува во “Службен весник на Република Македонија”.

За полагање на мајсторскиот испит кандидатот плаќа трошоци чија висина и начин на плаќање ги пропишува Занаетчиската комора на Македонија.

**Член 33**

На лицата кои се стекнале со титулата мајстор им се издава сертификат за положен мајсторски испит за соодветен занает и овие лица се запишуваат во регистар кој го води комората.

Занаетчијата кој се стекнал со титула „мајстор„може да прима ученици на практична обука,по склучувањето на договор со ученикот и училиштето.

Формата и содржината на сертификатот за положен мајсторски испит ја пропишува Занаетчиската комора на Македонија.

Формата, содржината и начинот на водење на регистарот во кој се запишува сертификатот за положен мајсторски испит ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

## IV. ЦЕНТРИ ЗА ОБУКА

**Член 34**

Коморите можат да организираат центри за обука, преквалификација, доквалификација на занаетчиите и на други лица.

Центрите од став 1 на овој член можат да отпочнат со работа по претходно добиена согласност од министерството надлежно за работите од областа на образованието.

Програмите за обука, преквалификација и доквалификација, ги донесува Занаетчиската комора на Македонија а ги одобрува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на образованието.

Програмите од став 3 на овој член се објавуваат во "Службен весник на Република македонија".

**Член 35**

За успешно завршената обука, преквалификација или доквалификација центрите за обука издаваат уверение за стручна оспособеност за вршење на соодветна занаетчиска дејност.

Формата и содржината на уверението од став 1 на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на образованието.

**Член 36**

Центрите за обука се финансираат од:

- надоместок за обука што ја плаќа занаетчијата и другите лица,
- средства на коморите,
- донации и
- други извори.

Висината на надоместокот од став 1 алинеја 1 на овој член го одредуваат центрите за обука.

## V. ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИИТЕ

### Член 37

Заради унапредување на занаетчиството, подобрување на квалитетот на занаетчиските производи и услуги, како и заради усогласување и застапување на заедничките интереси, занаетчиите од подрачјето на една или повеќе општини се здружуваат во општинска или регионална занаетчиска комора.

Занаетчијата станува член на комората со денот на запишување во Регистарот на занаетчии.

Членови на комората можат да бидат и други правни и физички лица, кои со своите активности придонесуваат за унапредувањето на претприемништвото и развојот на занаетчиството.

Заради унапредување на занаетчиството, подобрување на квалитетот на занаетчиските производи и услуги, како и заради усогласување и застапување на заедничките интереси, занаетчиите од подрачјето на една или повеќе општини се здружуваат во општинска или регионална занаетчиска комора.

Занаетчиите од градот Скопје се здружуваат во занаетчиска комора на градот Скопје.

Членувањето на занаетчиите во соодветна комора општинска,односно регионална занаетчиска комора е во зависност од нивното седиште.

Доколку во општината каде е седиштето на занаетчијата нема комора,занаетчијата станува член на најблиската комора.

Занаетчијата станува член на комората со денот на запишувањето во Регистарот на занаетчии.

Членови на комората можат да бидат вршители на занаетчиска дејност и други правни и физички лица,кои со своите активности придонесуваат за унапредување на претприемништвото и развојот на занаетчиството.

Во општината каде не е основана комора ,уписот и бришењето од Регистарот на занаетчии,како и на вршителите на занаетчиска дејност во евиденцијата,го врши најблиската комора се до основањето на комората.

### Член 38

Комората се основа заради:

1. развој и унапредување на занаетчиството,
2. организирање на облици на стручно образование, преквалификација и доквалификација на занаетчиите и на други лица,
3. подобрување на квалитетот на произведените стоки и услуги,
4. заштита, спроведување и унапредување на деловните обичаи,
5. спречување на нелојална конкуренција и
6. промоција на занаетчиството во земјата како и заштита и унапредување на дефицитарните занаетчиски дејности и старите занаети.

Член 38-а

Комората го води Регистарот на занаетчии и евиденцијата на вршителите на занаетчиска дејност.

**Член 39**

Комората донесува статут.

Со статутот поблиску се уредуваат прашањата во врска со:

1. целите, задачите и начинот на нивното остварување,
2. пристапувањето, истапувањето и исклучувањето од членување,
3. правата, обврските и одговорностите,
4. организациона поставеност,
5. надлежност на органите,
6. бројот, начинот и постапката за избор на членови во органите,
7. извори на приходи,
8. суд на честа и
9 други прашања.

Статутот се донесува со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието на комората.

**Член 40**

Средства за работа на коморите се обезбедуваат од:

- придонес што го плаќаат нејзините членови (коморски придонес),
- надоместок за извршени услуги во вршењето на јавните овластувања утврдени со овој и друг закон
- други извори.

Средствата од став 1 на овој член ги утврдува Собранието на комората.

Владата на Република Македонија дава согласност на висината на надоместокот за извршените услуги во вршење на јавни овластувања.

**Член 41**

Органи на комората се: Собрание, Управен одбор, Надзорен одбор и претседател.

Бројот на членови, надлежностите, изборот и начинот на работа и одлучувањето на Собранието, Управниот одбор, Надзорниот одбор и претседателот на комората се уредуваат со статутот на комората.

Претседателот раководи со работата на комората, ја застапува и претставува и ги извршува одлуките и заклучоците на нејзините органи.

**Член 42**

Стручните, административно техничките и другите работи за потребите на комората ја врши стручната служба на комората, во согласност со закон, статутот и другите општи акти на комората.

Актите со кои се уредува работењето на стручната служба ги донесува Управниот одбор, во согласност со закон и статут на комората.

**Член 43**

Коморите имаат својство на правно лице.

Својството на правно лице коморите го стекнуваат со денот на уписот во судскиот централниот регистар.

**Член 44**

Коморите се здружуваат во Занаетчиска комора на Македонија, со својство на правно лице.

Занаетчиската комора на Македонија својството на правно лице го стекнува со уписот во судскиот регистар.

Органи на Занаетчиската комора на Македонија се: Собрание, Управен одбор, Надзорен одбор и претседател.

**Член 45**

Занаетчиската комора на Македонија се грижи за:

1. остварување на заедничките општествени, економски и социјални интереси на занаетчиите,
2. застапување на интересот на своите членови пред надлежните државни органи и институции при изготвувањето на законската регулатива,
3. доставува до надлежните органи на Република Македонија предлози и мислења за одредени законски решенија од областа на занаетчиството,
4. развој и унапредување на занаетчиството во рамките на слободното дејствување на пазарните законитости,
5. воведување единствен информационен систем за деловни и други информации потребни за развој на занаетчиството во Република Македонија,
6. поттикнување и развивање соработка со исти или слични странски асоцијации, со посебна насоченост кон промоцијата на националното занаетчиство на саеми, изложби и слични манифестации во земјата и странство,
7. донесува програми за обука, преквалификација и доквалификација во центрите за обука,
8. усогласување на програмите за проверка на стручна оспособеност како и програмите за полагање на мајсторски испит,
9. ја пропишува формата и содржината на сертификатот за положен мајсторски испит и
10. решавање на спорови меѓу своите членови.

**Член 46**

Занаетчиската комора на Македонија со статут поблиску ги уредува прашањата во врска со организационата поставеност, раководењето и финансирањето.

## VI. НАДЗОР

### Член 47

Надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз негова основа врши министерството надлежно за работите од областа на занаетчиството .

Работите на инспекцискиот надзор ги врши Државниот пазарен инспекторат, преку државните пазарни инспектори, во согласност со овој и друг закон.

Надзор над реализацијата на програмите од член 34 на овој закон врши Државниот просветен инспекторат, согласно овој и друг закон.

### Член 48

Ако физичкото лице врши дејност без да биде запишано во Регистарот на занаетчии, државниот пазарен инспектор ќе донесе решение со кое ќе му нареди на физичкото лице, во рок од 15 дена да изврши упис во Регистарот на занаетчии.

Ако во рокот од став 1 на овој член физичкото лице не постапи по наредбата, државниот пазарен инспектор ќе донесе решение со кое ќе го забрани вршењето на дејноста ,се додека не се запише во Регистарот на занаетчии.

Против решенијата од ставовите 1 и 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Жалбата од ставот 3 на овој член него одлага извршувањето на решението.

### Член 49

Ако занаетчијата и вршителот на занаетчиска дејност од член 5 став 1 и 2 ја врши вршат својата дејност надвор од просториите за работа, државниот пазарен инспектор ќе донесе решение со кое ќе се забрани вршењето на дејноста во време траење од 60 дена.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Жалбата од ставот 2 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

### Член 50

Ако занаетчијата не го пријави исполнувањето на пропишаните минимални технички услови,државниот пазарен инспектор ќе донесе решение со кое ќе определи рок за пријавување на исполнување на минималните технички услови.

Ако просториите кои служат за вршење на занаетчиската дејност не ги исполнуваат пропишаните минимални технички услови, државниот пазарен инспектор ќе донесе решение со кое ќе определи рок од 15 дена за отстранување на утврдените недостатоци.

Ако недостатоците утврдени во ставот 2 на овој член, не се отстранат во определениот рок од став 1 на овој член, државниот пазарен инспектор ќе донесе решение за забрана на вршење на занаетчиската дејност во траење од 60 дена.

Жалбата против решението од ставот 1 и 2 и 3 на овој член може да се изјави до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за работите од областа на занаетчиството во рок од 15 дена од денот на приемот.

Жалбата од став 3 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

**Член 51**

Ако државниот пазарен инспектор при вршењето на надзорот утврди дека занаетчиската дејност се врши од лице кое не ги исполнува условите од член 10 на овој закон ќе донесе решение за забрана на вршење на дејноста се до исполнувањето на условите.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Жалбата од ставот 2 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

**Член 52**

Ако државниот пазарен инспектор при вршење на надзорот утврди дека занаетчијата и вршителот на занаетчиска дејност:

- врши вршат занаетчиска дејност што не е означена во решението за упис во Регистарот на занаетчии;
- не истакнал истакнале на видно место ценовник на своите производи односно услуги;
- не ја пријавил пријавиле промената на адресата на своето седиште;
- не ја врши вршат дејноста согласно со прописите и деловните обичаи;
- не гарантира гарантираат за квалитетот на производите односно услугите согласно одредбите од Законот за заштита на потрошувачите;
- не го истакне истакнат работното време на видно место и не се придржува на определеното работно време и
- нема немаат на видно место истакната фирма
- не го пријават исполнувањето на минималните технички услови

ќе донесе решение во кое ќе се определи рок за отстранување на утврдените недостатоци.

Ако недостатоците утврдени во ставот 1 на овој член не се отстранат во определениот рок од став 1 на овој член, државниот пазарен инспектор ќе донесе решение за забрана на вршење на занаетчиската дејност во траење од 60 дена.

Жалбата против решението од ставот 1 и 2 на овој член може да се изјави до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за работите од областа на занаетчиството во рок од 15 дена од денот на приемот.

Жалбата од став 3 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

## VII. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

### Член 52-а

За прекршоците утврдени во членовите 54-а и 54-б од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Државниот пазарен инспекторат(во понатамошен текст:прекршочен орган)

Прекршочната постапка од ставот 1 на овој член пред прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок(во понатамошниот текст:прекршочна комисија),составена од службени лица овластени од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Ако инспекторот при вршењето на надзорот утврди дека е сторен прекршок ,е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување,пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка согласно одредбите од Законот за прекршоците.

### Член 53

Со парична казна од 15.000,00 до 45.000,00 денари ќе се казни за прекршок занаетчијата ако:

1. врши занаетчиска дејност без да биде запишан во регистарот на занаетчии (член 2),
2. просториите не ги исполнуваат условите определени во член 6 став 1 од одој закон;
3. дејноста се врши од лице кое не ги исполнува условите од членот 10 од овој закон;
4. врши занаетчиска дејност што не е означена во решението за упис во регистарот (член 18) и
5. на видно место не истакне ценовник на своите производи односно услуги (член 19 точка 2).

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на занаетчијата,ако:

1(врши занаетчиска дејност без да биде запишан во Регистарот на занаетчии(член 2 став 1);

2)просториите не ги исполнуваат условите определени во член 6 став 1 од овој закон;

3)дејноста се врши од лице кое не ги исполнува условите од член 10 на овој закон.
4)врши занаетчиска дејност што не е наведена во решението за упис во регистарот(член 18)

**Член 54**

Со парична казна од 8.000,00 до 24.000,00 денари ќе се казни за прекршок занаетчијата ако:

1. не ја пријави промената на адресата на своето седиште (член 16 став 3)
2. не ја врши дејноста согласно со прописите и деловните обичаи (член 19 точка 1);
3. на видно место не го истакне работното време и не се придржува на определеното работно време (член 19 точка 3)
4. не гарантира за квалитетот на производите односно услугите согласно одредбите од Законот за заштита на потрошувачите (член 19 точка 4) и

5. нема на видно место истакната фирма (член 20 став 1).

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вршителот на занаетчиска дејност,ако:
1)просториите не ги исполнуваат условите определени во членот 6 став 1 од овој закон и
2)врши занаетчиска дејност без да го исполни условот од членот 10 став 3 на овој закон.

Глоба во износ од 350 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице кај вршителот на занаетчиската дејност за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Член 54-а

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на занаетчијата,ако:
1)не ја пријави исполнетоста на минималните технички услови(член 7)
2)не ја пријави промената на адресата на своето седиште,каки и бројот на простории(член 16 став 3)
3)не ја врши дејноста согласно со прописите и деловните обичаи(член 19 точка 1)
4)на видно место не истакне ценовник на своите производи,односно услуги(член 19 точка 2)
5)на видно место не истакне работно време и не се придржува на определеното работно време(член 19 точка 3)
6)не гарантира за квалитетот на производите односно услугите согласно со одредбите од Законот за потрошувачите(член 19 точка 4)
7)не поседува соодветна документација за набавените стоки и материјали(член 19 точка 5)
8)не води евиденција за продадените стоки и услуги(член 19 точка 6)
9(нема на видно место истакната фирма(член 20 став 1)

Член 54-б

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вршителот на занаетчиска дејност,ако:
1)не ја пријави исполнетоста на минималните технички услови(член 7)
2)не ја врши дејноста согласно со прописите и деловните обичаи(член 19 точка 1)
3)на видно место не истакне ценовник на своите производи,односно услуги(член 19 точка 2)
4)на видно место не истакне работно време и не се придржува на определеното работно време(член 19 точка 3)
5)не гарантира за квалитетот на производите односно услугите согласно со одредбите од Законот за потрошувачите(член 19 точка 4)
6)не поседува соодветна документација за набавените стоки и материјали(член 19 точка 5)
7)не води евиденција за продадените стоки и услуги(член 19 точка 6)

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице кај вршителот на занаетчиската дејност за дејствијата од ставот 1 точки 1,2,3,4 и 5 на овој член.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 55

Коморите отпочнуваат со упис на занаетчии во Регистарот на занаетчии три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Во општината или Градот Скопје каде сеуште не е основана комора, уписот на занаетчиите во Регистарот на занаетчии ќе го врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството, се до основањето на комората.

### Член 56

Занаетчиите кои вршат занаетчиски дејности од член 10 став 4 на овој закон се должни да извршат упис во Регистарот на занаетчии во рок од три месеци по влегување во сила на овој закон.

Занаетчиите се должни во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон,да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон и да поднесат барање до комората за издавање на решение за вршење на занаетчиска дејност.

По истекот на рокот од став 1 на овој член,решенијата за вршење на занаетчиска дејност издадени до влегување во сила на овој закон престануваат да важат.

Занаетчии кои вршат дејности што не се опфатени со член 4 став 1 на овој закон, се должни да го усогласат вршењето на дејноста со одредбите од овој закон најдоцна до 31.12.2004 год.

**Член 57**

Прописите според овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

До донесување на прописите од став 1 на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

**Член 58**

Постојните стопански комори на занаетчии, Занаетчиската комора на Македонија и здруженијата на занаетчии и други самостојни стопанственици се должни да го усогласат своето работење најдоцна во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Доколку субјектите од став 1 на овој член не го усогласат своето работење во пропишаниот рок, се бришат од регистарот и престануваат со работа по сила на овој закон.

**Член 59**

Програмата за стручната оспособеност (член 11 став 2) како и Програмата за полагање на мајсторски испит (член 32 став 1) ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 60**

На постапките кои се отпочнати пред денот на влегување на сила на овој закон, ќе се применуваат одредбите што важеле до влегување во сила на овој закон.

**Член 61**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за вршење на занаетчиска дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 37/98 и 98/00).

**Член 62**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".